човечки ресурси

Врз основа на член 52 став (1), (2) и (5) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и („Службен весник на РСМ “бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) , Секретарот на Општина Прилеп донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор за унапредување на административен службеник по интерен оглас**

1.По интерниот оглас бр.1/2023 за унапредување на административен службеник, објавен на 29.12.2023 година на веб страната на Општина Прилеп и Агенцијата за администрација, се избира :

- **Марјан Матракоски, со вкупно освоени бодови 40,70** за работно место под реден број 01. од интерниот оглас, УПР0101Б02000, Раководител на сектор за поддршка на градоначалник, поддршка на совет и јавни дејности,Сектор за поддршка на градоначалник, поддршка на совет и јавни дејности.

2.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 на оваа Одлука во рок од пет дена по конечноста на Одлуката.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 29.12.2023 година на веб страната на Општина Прилеп и на веб страната на Агенцијата за Администрација објавен е интерен оглас бр.1/2023 за унапредување на административен службеник во Општина Прилеп.

Со Решение бр.04-71/2 од 04.01.2024 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник. Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник спроведе административна селекција Записник од административна селекција за интерен оглас бр.04-71/3 од 05.01.2024 година.

На ден 09.01.2024 година секретарот на Општина Прилеп спроведе интервју со уредниот кандидат за работното место под реден број 01. од интерниот оглас УПР0101Б02000 , Раководител на сектор за поддршка на градоначалник, поддршка на совет и јавни дејности,Сектор за поддршка на градоначалник, поддршка на совет и јавни дејности и Комисијата за селекција за унапредување изготви финална ранг листа на интервјуирираниот кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат, Записник број 04-71/4 од 09.01.2024 година.

Од доставениот финална ранг листа и предлог одлуката за избор на прво рангираниорт кандидат,број 04-71/5 од 09.01.2024 година, Секретарот на Општина Прилеп изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука..

**Правна поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Бр. 04-71/6
10.01. 2024 год.
Прилеп

СЕКРЕТАР
на Општина Прилеп
Наталија Чадам

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп

Доставено до:
- кандидатот за унапредување
- Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива на Општина Прилеп

Изработил: Маре Наумоска
Проверил: Александра Кокароска